# Денес е денот кога пред 18 години Македонија престана да биде држава

Денеска се навршуваат 18 години од капитулантскиот Рамковен договор на кој властите во изминатите 18 години му придаваат нереално историско значење. Јавноста е сведок дека за годишнината владее молк во земјата за овој настан. Во Македонија нема чествување и веселби на 13 август, денот, кој од властите се означува како историски.

Но вистината е поинаква. Со Рамковниот договор Македонија престана да биде држава како сите нормални држави кои базираат на концептот на национални држави со гарантирана положба на малцинските права според меѓународното право.

Со договорот Макеоднија стана некаква збирштина на заедници од кои само Македонците останаа без своја национална држава за разлика од останатите заедници кои имаат свои матични национални држави. Рамковниот договор и понатаму останува длабоко трауматичен за македонската национална свест и оттука сите македонски патриотски и национални сили имаат света должност да се залагаат за негово поништување и враќање на Македонија на изворните илинденски и асномски принципи.

Македонскиот народ и државјаните на Република Македонија во Единствена Македонија ја гледаат последната надеж. Единствена Македонија кажува директно и јасно – ние сме во политиката да ги поништиме штетните договори против македонскиот народ и македонската држава. Македонија е нашата татковина, Македонија е нашиот дом, онака како што се бориме за нашите домови ќе се бориме и за нашиот народ и држава.

**Центар за комуникации на Единствена Македонија**
**Скопје, вторник, 13 август 2019**

Скопје 1

Макпрес

Тајм

Вести